# Митските опоненти на раносредновековите појасни јазичиња

*Никос Чаусидис*

STUDIA MYTHOLOGICA SLAVICA IV - 2001, 45 - 78

*The paper explores the iconography and symbolism of certain types of late Avarian belt tongues (7$^{th}$ - 8$^{th}$ centuries) which depict three figures (zoomorphic, zoo-anthropomorphic, or anthropomorphic), two of which are engaged in a combat. The author proceeds from a thesis that this scene depicts a symbolic struggle between two opposing gods, a representative of the celestial/luminous principle, and a representative of the htonic principle. The author cites arguments according to which this jewelry, and the scenes depicted on it, belonged to Pannonian Slavs or to other peoples which had participated in Slavic ethno-genesis.*

Предмет на истражување во оваа студија се раносредновековните метални јазичиња за појас, по потекло од Средното Подунавје и пошироко подрачјето на централна Европа и Балканот. Станува збор за елементи на машка облека која вообичаено се врзува за аварската култура. Но, во современата наука се повеќе се акцентира тезата, според која овие елементи биле составен дел на облеката и на другите популации (вклучително и неномадските) кои биле опфатени во границите на Аварскиот каганат или се наоѓале под негово политичко и културно влијание. Овој напис е насочен кон истражување на иконографијата и симболиката на неколку типови такви појасни јазичиња, датирани во доцните фази на аварската култура (крај на 7. - крај на 8. век). Станува збор за варијанти во чие централно иконографско поле, во релјеф, изведен во техника на леење и ажурирање, се претставени три фигури во профил (зооморфни, зоо - антропоморфни или антропоморфни), од кои двете крајни фигури се свртени кон централната. До денес, во науката се води спор околу генезата на овие појасни гарнитури и нивната специфична иконографија.[1]

Врз основа на увидот и анализата на приложените примероци, поставивме теза дека во оваа композиција е прикажан судир т.е. дуел меѓу два лика (по правило крајните фигури), настанат околу поседништвото на третиот (по правило централната фигура). Убедени сме дека оваа сцена имала митско - религиски карактер, т.е. го прикажувала (поточно кажано, само го евоцирала) митот за борбата меѓу спротивставените богови - опоненти (страничните животни) околу поседништвото на стадата добиток, симболички претставени преку централната животинска фигура. Ваквата митска димензија на оваа сцена и особено теистичкиот карактер на

[1] Основни податоци за оваа категорија предмети и соодветна библиографија: J. Ковачевић, Аварски ... , 164-180; D. Mrkobrad, Arheološki ... , 80-89, и особено 87, 88; В. В. Седов, Славяне в раннем ..., 114-115, 129. Прикази на повеќе примероци: É. Garam, Avar ... ; É. Garam, Das avarenzeitliche ... ; J. Zábojník, Seriation ... ; Z. Čilinská, Kov ... .

опонентите, го покажуваат неколку нетипични јазичиња, во чија внатрешна композиција, опонентите се застапени преку зоо - антропоморфни и антропоморфни фигури.

Тргнувајќи од моментните сознанија за полиетничката структура на населението што егзистирало во границите на Аварскиот каганат и во зоните на неговото влијание, ги актуализираме хипотезите според кои, овој накит можел да им припаѓа и на другите популации што егзистирале на неговата територија, пред и во време на владеењето на Аварите (севернобалкански популации познати под административните називи Панонци и Нориќани, потоа Сармати, Германски народи, Бугари, Кутригури, Словени, Анти ...).[2] Новите согледувањата од областа на археологијата, историографија и лингвистиката се повеќе укажуваат на значителното присуство на словенски популациии во Панонија во овој период.[3] Изнесени се и теории според кои значителен дел од елементите на аварската култура (вклучително и накитот од тука приложените типови) конкретно се поврзуваат со Словените.[4] И нашите анализа на наведената митска содржина од овие јазичиња, со оглед на нејзиното нагласено присуство во словенските традиции, одат во прилог на директната или идниректна врска на овој накит со Словените. При тоа мислиме на припадноста на елаборираните јазичиња (а со тоа и на митската слика прикажана на нив), на Словените или пак, на другите популации кои во овие векови ги населуваат панонските области, а ќе бидат вклучени во нивната етногенеза.

Основната цел на нашата студија се состои во заедничкото претставување на овие ликовни сцени (формална иконографска анализа) и актуализирањето на нивната иконографија во сферата на пагано - словенската митологија и религија. Во тој контекст е изведена и нивна глобална симболичка анализа и обиди за поконкретно толкување на прикажаните ликови (нивниот карактер, функции и атрибути) и тоа, врз основа на компарации со аналогни индоевропски и пособено словенски митско - религиски традиции. Сметаме дека едно попродлабочено компаративистичко истражување на централната сцена од тука прикажаните јазичиња, би можело да се оствари во студија со поинаков карактер - можеби монографија која би ги опфатила и другите митски слики претставени на раносредновековните археолошки наоди кои претендираат на епитетот “словенски”.

## А. ИКОНОГРАФСКО - МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА

### И. Дескрипција на композициите

Металните јазичиња за појас се главно изработени од бронза и тоа во техника на леење, при што, кај некои примероци е применето и ажурирање. Централната композиција ја исполнува речиси целата предна страна од јазичето, поместена во рамка која ја следи неговата контура. Во неколку случаи, празниот простор меѓу фи-

[2] Сожет приказ на полиетничкиот состав на Аварскиот Каганат: Ј. Ковачевић, Аварски ... , 141-147; В. В. Седов, Славяне в раннем ..., 109-137.

[3] Тези и факти за Словените во Панонија и тоа археолошко - историски: В. В. Седов, Славяне в раннем ..., 109-137; филолошки: О. Н. Трубачёв, Этногенез ... ; A. Loma, Podunavska ... .

[4] Тези за словенскиот карактер (конкретно производство) на вакви појасни гарнитури: В. В. Седов, Славяне в раннем ..., 129; Z. Čilinská, Kov ... , 79.

гурите и оваа околна рамка, на неколку места е пробиен со неправилни отвори кои ги следат контурите на внатрешните фигури. Некои претстави се доработени во техника на гравирање и пунктирање. Кај коренот на јазичето, редовно се наоѓа уште едно мало правоаголно поле во кое вообичено се претставени схематизирани флорални и зооморфни мотиви. На некои примероци, ликовно е дополнето и задното лице на јазичето, обично со поедноставни флорални мотиви, исто така поместени во рамка. На неколку од нив, на ова лице е повторена сцената од предната страна на јазичето.

Врз основа на изгледот и организацијата на фигурите од централната композиција, јазичињата ги поделивме на три основни групи.

### Група I - Сцени со јасно диференцирани зооморфни фигури

Основно обележје на овој тип сцени е јасната издвоеност на трите животински фигури, што не е случај со следната група. Приложуваме неколку примери, за да ги согледаме нејзините основни обележја (без претензии да направиме преглед на сите такви примероци).



На четири јазичиња, оваа претстава е застапена со речиси идентични елементи (T.I:4-7):

Десната страна на композицијата ја зафаќа четириножно животно со јасни обележја на грифон. Торзото му е извиено, долгиот врат преминува со глава на која се распознава закривен клун, око и начулени уши. Нозете му се аглесто превиткани, со нагласени шепи т.е. канџи. Предните се подигнати како да ја зграпчиле едната нога на централната фигура. Над торзото се издига опашот со листест завршеток и трочлен мотив кој, врз основа на други пореалистично прикажани примери би можел да се определи како стилизирано крило, грива или некаков дополнителен мотив со флорален или друг карактер.

На спротивната страна од композицијата е прикажан друг тип животно, симетрично поставено во однос на грифонот. Торзото му е речиси идентично обработено, но во помали димензии, со

***T.I.*** *1. Opovo (D. Mrkobrad, Arheološki ..., T.CXV:7); 2. Tiszafüred (É. Garam, Das awarenzeitliche ... ,Taf.209:10); 3. Silazi (Zalau / Zilah) (Gli Avari ... , 198 - Tav.2: 3); 4. Dvory nad Žitavou (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:1); 5. Nové Zámky (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:2); 6. Mödling (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:3); 7. Čierny Brod (Z. Čilinská, Kov ..., 46: 34).*

исто изведени нозе и шепи. Задниот дел е уште понагласено подигнат, а опашот извиен во вид на "S". Главата е прикажана со издолжена муцка која е малку подотворена или со разајапени челусти. На најмалку еден примерок (5), на врвот од главата е назначено издигнато уво.

Центарот на композицијата го исполнува животинска фигура, свртена кон лево. Корпулентното торзо и деталите на главата (карактеристичната контура, обликот и распоредот на парот рогови, увото и окото) јасно покажуваат дека се работи за претстава на говедо. Прикажано е во динамичка полулежечка поза, со предните нозе превиткани под телото, очевидно во момент при кој се препнува под нападот на грифонот, но при тоа сеуште се држи на задните нозе.

Истата глобална организација на оваа слика ја следиме на уште три јазичиња, но секое од нив, во поглед на карактерот на фигурите и начинот на нивната изведба очевидно припаѓа на засебни варијанти на оваа ликовна претстава.

На примерокот од ***Silađi*** (**Zalau / Zilah**) е уште појасно диференциран изгледот на двете крајни фигури, без разлика на тоа што нивната поза покажува јасни релации со претходно елаборираната варијанта (Т. I:3). Фигурата на грифонот е покрупна, опашот завршува со сегмент во вид на бршленов лист. Телото и нозете на фигурата од спротивниот крај се прикажани слично, освен опашот кој е со нешто потенок завршеток. Покрај него, на грбот стои стилизиран листест мотив поставен на гранче. Главата на ова животно поседува јасни разлики во однос на грифонот. Прикажана е со издолжена, јасно профилирана муцка, на врвот затапена, со нагласени заби, што упатува на претстава на месојадно животно (најверојатно волк т.е. куче). Меѓу овие две странични животни е прикажана фигура на елен во динамичка поза. Двете предни нозе му се испружени напред, едната од задните е под стомакот додека другата сосем позади, пред телото на грифонот. Главата е малку подигната и дополнета со стилизиран рог. Животното го исполнува сиот простор меѓу двете странични фигури, создавајќи мошне инвентивно изведен преплет на нивните тела. Наспроти евидентните разлики, оваа композиција покажува јасни блискости со претходната група претстави, во поглед на контурата на фигурите и нивната организација во рамките на целата композиција.

На примерокот од ***Tiszafüred*** (гроб 507) двете странични фигури на јазичето не се толку јасно диференцирани (Т.I:2). Во овој случај, грифонот (прикажан како и на претходните примери) ја зафаќа левата страна на композицијата. На спротивниот крај е прикажано животно со слична форма на торзото, но сепак со јасни елементи кои го диференцираат во однос на претходното: - нозете се пократки, со силно потенцирани канџи (задните расчекорени, при што едната се губи зад рамката на јазичето); - муцката е позатапена; - над главата стојат два свиени сегменти (големи уши или рогови); - над грбот се издига српoвиден сегмент кој е поврзан со предната нога - секако крило на животното; - опашот е прикажан како "ондулиран" сегмент поставен на задниот дел од грбот. Централната фигура прикажува тревојадно животно во полулежечка поза, со нозе свиткани под телото и нешто издигнат заден дел. Вратот му е долг, а главата свртена кон назад, горе дополнета со шилести уши или мали рогч иња. Судејќи според контурите на телото и главата, би можело да се работи за говедо или коњ.

Сцената на примерокот од ***Opovo*** (T.I:1) ги содржи сите елементи на композицијата, типични за оваа група. Се разликува само во смисла на ориентацијата на

композицијата во рамките на јазичето и во присуството на клунови кај сите три фигури. Ова обележје би можело да укажува на релацијата на нашиот тип композиции со една друга категорија појасни јазичиња на кои се претставени три фигури на грифони, прикажани симетрично или во поворка (со еден централен, ориентиран на било која страна и двата крајни свртени кон него).[5]

**Група II - Сцени со преплетени зооморфни фигури**

Оваа иконографска варијанта е застапена на голем број примероци во кои, поради високиот степен на продукција (по принципот копирање според постојни примероци) се јавил силен процес на орнаментализација т.е. губење на изворниот карактер на ликовната претстава (Т.III; Т.IV). Како плод на ова, во бројни примероци се зачувала само препознатливата базична архитектоника на масите што ја сочинувале композицијата (Т.II:-5-7; Т.IV:5-7); Трите фигури се поставени во извонредно динамичен взаемен сооднос, до тој степен деликатен што мајсторите кои ги репродуцирале, не успевале секогаш да ги разберат во нивниот изворен сооднос. Како последица на оваа динамичност, дури и на најјасните примероци идентитетот на прикажаните животни станал непостојан и нејасен. Во една идентична композиција еден исти лик некогаш има обележја на грифон, а друкпат на волк т.е. куче; средната фигура еднаш е елен т.е. срна, а друкпат коњ т.е. мазга. Приложивме поголем број варијанти на овој тип јазичиња, со намера да ја илустрираме оваа состојба и да навлеземе во системот на организација на фигурите во неа. Споредувајќи ги овие бројни примероци се обидовме делумно да го реконструираме изворниот модел на оваа слика.

Очевидно е дека центарот на композицијата го зафаќа некое тревојадно животно (прикажано во профил, со главата кон десно). За тоа говорат некои елементи зачувана на најасните примероци: - нозе со копита т.е. папци (Т.II:1; Т.III:3-5); - глава со обележја на елен т.е. срна (Т.II:2,3; Т.III:5-7) или можеби коњ т.е. мазга (Т.II:1; Т.III:3,4); - издолжено торзо со димензии помали од оние на страничните фигури. Задниот дел на фигурата е високо подигнат до горниот раб на јазичето, при што тоа не се држи на задната нога која што е прикажана како опуштена виси и не ја допира основата на сликата.

Ваквата неприродна позиција на централното животно е оправдана со присуството на левата од страничните фигури. Таа пак, е прикажана со мошне корпулентно животинско тело кое го исполнува сиот лев дел од композицијата. На некои јазичиња е јасно потенцирана масивноста на неговото торзо (особено Т.II:2; Т.III:6,7) и задната нога, со нагласени или препотенцирани канџи (Т.II:1,2,4-7; Т.III:3-5). Предниот дел на оваа фигура е скриен зад централното животно, но судејќи според присуството на глава, прикажана под торзото, јасно е дека тој дел се наоѓа под него. Главата на ова животно е мошне нејасно прикажана, во некои примери со обележја на грифон (Т.II:,1,4; Т.III:2-5), а во други на некакво друго животно (Т.III:1,3,4,6). Сметаме дека изворно оваа фигура му припаѓала на грифонот, при што неговиот клун, свртен надолу, од некои мајстори бил “читан” како уво на животно свртено со муцката нагоре. Мошне отпорниот мотив на

[5] Примерокот е претставник на засебна група вакви јазичиња, застапена со бројни предмети.



***T.II:** 1. Mistelbach (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:5); 2. Mödling (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:6); 3. Leobersdorf (J. Zábojník, Seriation ... , 290-Taf.11-15:2); 4. Leobersdorf (J. Zábojník, Seriation ... , 284-Taf.5-14:4); 5. Tiszafüred (É. Garam, Das awarenzeitliche ... , Taf.216:1); 6. Tiszafüred (É. Garam, Das awarenzeitliche ... , Taf.211:9); 7. Tiszafüred (É. Garam, Das awarenzeitliche ... , Taf.219:7).*



***T.III:** 1. Obid, Nove Zamky (Z. Čilinská, Kov ..., 47:36); 2. Szebény (É. Garam, Avar ..., Pl.VIII:5); 3. Szebény (É. Garam, Avar ..., Pl.IX:11); 4. Homokmégy - Halom (É. Garam, Avar ..., Pl.II:6); 5. Szebény (É. Garam, Avar ..., Pl.X:7); 6. Cifer - Pac, Trnava (Z. Čilinská, Kov ..., 46:35); 7. Radvaň nad Dunajom - Žitavska Ton (Z. Čilinská, Kov ..., 47:37).*

полукружни бразди, ритмично наредени под и над централната фигура (Т.II:4,6; Т.III:1-5; Т.IV-4,5) сметаме, ја прикажувал накострешената грива што се протегала вдолж вратот и грбот на грифонот (не што појасно видливо на примерокот 1 од Т. II).[6]

Десната од страничните фигури е прикажана со помали димензии од левата (некаде таа разлика е мошне нагласена (Т. II:,2; Т.III:6,7). На еден примерок торзото е пунктирано (Т.III:7) како ознака на пегавоста на телото. Двете нозе се обработени аналогно на левата фигура, со нагласени шепи и канџи. Главата е прикажана мошне нејасно и во разни варијанти, така што не дозволува сигурна идентификација на

[6] За овој елемент види натаму во толкувањата за грифонот.



*T.IV: 1. Vukovar (D. Mrkobrad, Arheološki ..., T.CXV:6); 2. Šopronj (J. Ковачевић, Аварски ... ,176 - сл. 113); 3. Mali Idoš (J. Ковачевић, Аварски ... , 176 - сл. 113); 4. Sonta (D. Mrkobrad, Arheološki ..., T.CXV:9); 5. Mali Idoš (D. Mrkobrad, Arheološki ..., T.CXV:11); 6. Vojka (D. Mrkobrad, Arheološki ..., T.CXV:8); 7. Szebény (É. Garam, Avar ..., Pl.VII:10).*

конкретниот вид на кој припаѓало животиното. На некои примероци (Т.II:4; Т.III:6) се насетува нејзино зашилување во клун (= глава на грифон), но сепак, во повеќето случаи таа носи обележје на некој недефиниран цицач со уво на задниот дел, кружно око и издолжена муцка. Предниот дел на торзото и вратот на оваа фигура се покриени со главата на централното животно. На некои језичиња таа кон животново посегнува со предната шепа, што остава впечаток дека го зграпчила со шепата и го дави, помагајќи се при тоа со вратот и главата.

Без разлика на конфузноста на композицијата, јасно е дека на оваа варијанта језичиња е прикажан судир меѓу два зооморфни лика повторно поврзан со поседништовото на централното животно. Карактерот на страничните ликови е нејасен, но тој теоретски може да се идентификува преку компарација со сцената од првата група језичиња. Ваквата постапка се базира врз аксиомот според кој сцената од оваа група језичиња ја прикажувала истата митска слика и истите ликови како и на оние од првата група. Во тој контекст е речиси сигурно дека во идеалниот модел, левата фигура му припаѓала на грифонот (прикажан со поголема фигура со клун и грива), додека десната - на кучето т.е. волкот (помала фигура со издолжена муцка).

Не ја исклучуваме можноста дека во некои случаи (пример: T.IV:2), во истава композиција, примарно или секундарно било кодирано и друго сиже, на кое укажуваат некои истражувачи (на пример "елени на одмор").[7]

**Група III - Сцени со зооморфни, зоо - антропоморфни и антропоморфни фигури**

Во оваа група ги класифициравме оние појасни јазичиња кај кои, во централната сцена, покрај чисто зооморфните фигури се вклучени и такви кои се дополнети со антропоморфни елементи, како и чисто антропоморфни фигури. Секој пример од оваа група претставува специфичен случај, така што не може да се категоризира под некаква единствена иконографска и композициска матрица, заеднич ка за сите примероци. Некои од сцените, според својата ликовна концепција и композиција се вклопуваат во двете претходни групи, додека други покажуваат помали или поголеми разлики во однос на нив. Затоа секој од примерите ќе го елабориране одделно.

**1. Јазиче од Tisavarkonj (T.V:1,a,b)**

Иако по основната контура соответствува на претходните, ова јазиче се разликува од нив по рамката која што е зрнесто расчленета. На неговиот заден дел е формирано типичното мало правоаголно поле, едвај издвоено од основната композиција. Едната страна од централната сцена ја зафаќа фигура на композитно су штество со нагласен заден дел и предни шепи испружени кон горе и кон напред. Средниот дел од телото му е покриен со схематизирано крило и долга грива. Таа е прикажана како сноп од извиени бразди кој се спу шта од малата глава, дополнета со бадеместо око и мали нач улени уши. Овие обележја ја определуваат оваа фигура како крилест коњ, прикажан со нозе на ѕвер, кои наместо со копита, завр шуваат со канџести шепи. Фигурата од спротивниот крај на сцената, прикажува композитна фигура со зоо - антропоморфни обележја (детали: T.VII:4,5). Нејзиниот заден дел е подигнат и со нагласени димензии, задната нога е свиткана, а долгиот опаш ја следи контурата на грбот и завр шува со листет додаток. Предните нозе се исто така свиткани и малку испружени кон напред. Главата е детаљно прикажана над нив, во анфас, со кружно лице на кое се мо шне пластич но назначени очите, образите, носот, мустаќите и подбрадокот. Од него надолу се спу шта широк сноп изивени бразди кои ја означ уваат брадата што се протега се до предните нозе на су штеството. На аналоген нач ин е украсено и другити лице на јазичето.[8]

**2. Јазиче од Tiszafüred, *гроб 496* (T.VI:1,a,b)**

Според сите периферни морфолошко - типоло шки елементи, ова јазич е во глобални рамки соответствува на оние од претходните две групи (контура, рамка, мало правоаголно поле со флорален мотив со “S” композиција). Се разликува од нив по две компоненти - по високиот степен на ажурираност на централната релјефна

[7] Ј. Ковачевиђ, Аварски ... , 176.

[8] Разликите меѓу двете претстави се должат на цртежите употребени од две различни публикации, работени од засебни цртачи. (Gli Avari ... , 198, Tav.2:4; Ј. Ковачевиђ, Аварски ... , 175).



***T.V:*** *1.а, б Tisavarkonj (1а: Gli Avari ... , 198-Tav.2 4; 1б: J. Ковачевић, Аварски ... ,175-сл.111); 2. а,б. Banbalma - Czebe puszta (Gli Avari ... , 177,178).*

сцена и по тоа што е прикажана на обете страни од предметот. Јасни релации се евидентни и на ниво на композицијата т.е. распоредот и обликот на фигурите.

Пределот на јазичето кој гравитира кон неговиот врв, од обете негови лица го зафаќа фигура на грифон, претставен на начин кој е типичен и за претходните примероци. И тука, на грбот е прикажан типичниот перјест мотив (налик на крило или грива). Во случајов, специфично е обработен опашот, кој на обете страни од јазичето излегува од спојот на задната нога и стомакот на грифонот, а завршува на задниот дел од грбот, расчленет во реси. На спротивниот крај од композицијата, на обете лица е прикажано животно чиј конкретен род не може да се определи. Торзото му е речиси идентично со она на грифонот, вклучувајќи го дури и опашот, но без перјестиот додаток на грбот. Но, главата е прикажана сосем различно - на предниот дел, наместо со клун завршува во вид на два полукружни сегменти кои оставаат впечаток на отворена муцка. На обете лица од предметот, таа е дополнета со големи бадемести очи, како и уши кои на предната страна од јазичето се со листеста додека на задната, со срцевидна форма.

Меѓу овие две животински фигури, на обете лица од јазичето е преставена фигура на човек во полулежечка поза, свртен кон второто од прикажаните животни. Во обата случаи е мошне детаљно претставена неговата глава, со назначена коса,



*T.VI: 1,а,б Tiszafüred (цртеж според: É. Garam, Das awarenzeitliche ... , насловна страна; Abb.93 1/496); 2.а,б. Komárno - Lodenice (J. Zábojník, Seriation ... , 286-Taf.7-22:5); 3. Tiszafüred, 3а: (цртеж според: É. Garam, Das awarenzeitliche ... , Taf.210:3); 3б: Tiszafüred (É. Garam, Das awarenzeitliche ... , Taf.154-Grab.1149:5b); 4. Детал од појасно јазиче, Pohořelice, (N. Profantová, Awarische ... ,747, Taf.33 - B-10).*

акцентирани мустаќи и долга шпицеста брада. Горниот дел од неговото тело е покриен со недефинирана драперија (на другата страна делумно скриена од второто животно). На едното лице од јазичето е прикажано како човекот се потпира на земја со подколеницата, при што во боречки зафат, со едната рака го држи животното за пазувата под предната нога. На другата страна, неговата фигура е делумно затскриена од животните. Се гледа ногата, главата и другата рака која го опфаќа животното околу вратот.

Евидентно е дека обете лица на јазичето треба да се третираат како две страни на една единствена, условно кажано скулптурална композиција.[9] Во тој контекст станува јасно теженеењето на творецот да ја прикаже борбата на човечкиот лик со недефинираното животно, при што тој, го опфатил околу вратот и со тежината на своето тело и силата на рацете се обидува да го кутне на земја или да го одржи во таа позиција.

[9] За да го доловиме овој впечаток, едната страна на јазичето (сл. 1а) ја прикажавме во обратна т.е. огледална проекција.




*T.VII: 1. Мотив од дрворезба, руски фолклор (Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 305); 2. Метална плочка, Велестино, Тесалија, 7. век, (J. Werner, Slawische ... , Taf.1:4); 3. Мотив врежан врз дрвен музички инструмент, Новгород, 12 век (Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 271, 272); 4. Детал од појасно јазиче, Tisavarkonj, 7-8. век, (J. Ковачевић, Аварски ... ,175-сл.111); 5. Детал од појасно јазич е, Tisavarkonj, 7-8. век (Gli Avari ... , 198 -Tav.2 / 4); 6. Десна страна на двојна фигура од каменен релјеф, естериер на црквата Св. Никола во Нир, Матка, Скопје, среден век (В. Лилчиќ, Матка ... , 101-сл.55); 7. Камена скулптура, Месопотамија, Сумерска цивилизација, (A. Parrot, Sumer ..., Fig. 277); 8. Детал од појасно јазиче, Banbalma - Czebe puszta, 7-8. век (Gli Avari ... , 177, 178); 9. Метална плочка, Скибинцы, Украина, 6-7. век (Съкровище ... , кат. бр.37); 10. Детал од златна фалера, Северский Курган, антички период, Скитско-Сарматски култури (Мифы ... Т.2, 449); 11. детал од појасно јазиче, Pohořelice, 7-8. век (J. Ковачевић, Аварски ... , фотографии меѓу стр.144 и 145); 12. Детал од релјефна декорација на метална ваза, Наѓ-Сент-Миклош, 9. век, (цртеж според: Л. Донч ева - Петкова, Митологични ... , 109: Обр.82); 13. Бронзена апликација, среден век, Омелино, Прикамје, (Л. В. Чижова, Ко вопросу ... , 82, рис 1/2); 14. Метална плочка, Велестино, Тесалија, 7. век, (J. Werner, Slawische ... ,Taf.1:3).*

**3. Јазиче од Banbalma-Czebe puszta,** ***гроб бр.1*** **(T.V-2,a,b)**

И во овој случај се работи за вообичаено по форма јазиче, кое што е релјефно доработено од обете страни и проследено со бројни перфорациии на корпусот. За разлика од претходните примери, во сцените прикажани на обете лица од предметот се јавуваат повеќе зооморфни, антропоморфни и други елементи кои ја отежнуваат идентификацијата на композициијата. За тоа допринесува и о штетеноста на предното лице од предметот (2а). На оваа страна, во малото правоаголно поле е прикажан пар риби поставени обратно една во однос на друга. Околната рамка на обете лица е исполнета со пунктирани кружни длапки.

Центарот на композицијата го исполнува фигура на некакво фантастично суштество. Прикажано е со полукружно свиено торзо, дополнето со длапли, т.е. полукружни расчленувања. На задното лице од јазичето задниот дел се трансформира во зона од вертикални линии со централен флорален мотив кој се губи во горниот раб на композицијата. На предниот дел, торзото се стеснува и извива во врат кој преминува во голема глава со исплазени полукружно свиени челусти Долу е прикажан пар схематски назначени шепи со кои суштеството како да посегнува кон соседната фигура. Пред ова су штество, во самата оска на сцената стои некаков нејасен мотив во вид на вертикален елемент, дополнет со два симетрични кружни сегменти и над нив, уште еден пар со неправилна форма. Лево и десно од фантастичното суштество стојат две зооморфни фигури, обете свртени кон коренот на јазичето. Формалните обележја на овие фигури тешко можат да се дефинираат поради оштетеноста токму на предното лице од предметот. На оваа страна се зачувале некои детали од фигурата што стои крај врвот на јазичето, на која се гледа силуета на корпулентно, не особено високо месојадно животно, со нагласени шепи и канџи, краток опаш и кружна глава со остри уши, исправени нагоре (детал: T.VII-8). На неа се распознаваат елементи на лице со извесни антропоморфни обележја (големи кружни очи, правилен нос и уста со малку гротескна гримаса). Над грбот се наоѓа сегмент кој би можел да го означува крилото на суштеството. Но, земајќи ја предвид задната страна на овој сегмент, се чини поверојатно дека се работи за контура на човек кој јава на животното, држејќи во рацете копје (упатено кон централната фигура) и некаква друга опрема. На спротивниот крај од сцената се наоѓа уште една фигура со слична контура, но со помали дименизии, чие предно лице е силно оштетено. Судејќи според задната, многу подобро зачувана страна, и во овој случај се работело за аналогно животно на кое јава човек што в рака држи копје, насочено повторно кон централната фигура.

**4. Јазиче од Tiszafüred,** ***гроб 1149*** **(T.VI:3,a,b)**

Иако по форма аналогно на претходните, ова јазиче се разликува од сите досега обработени, по вертикалната ориентација на неговата централна композиција. Таа е изведена во плиток релјеф и тоа само на предното лице од предметот, при што е проследен со неколку мали перфорации. За разлика од претходните композиции, оваа е составена од само две фигури, од кои едната е животинска, а другата човечка.

Покрај левиот раб на јазичето стои животно, исправено на задни нозе, прикажани масивно, со шепи и канџи кои повеќе наликуваат на прсти. На ист начин е прикажано и рамото од кое надолу се спишта предната шепа изведена налик на рака, свиткана во лактот и упатена кон половината на човечката фигура. Гла-

вата на животното не се наоѓа над рамењата, туку на спротивниот раб од јазичето, при што вратот е покриен со дел од драперијата на човечката фигура. Таа е издолжена, со полукружно уво на горниот крај, кружно око на средината и подотворена забеста уста на долниот крај. Сиве овие обележја на фигурата јасно упатуваат на претстава на мечка.

Крај десниот раб на јазичето е прикажана фигура на маж во облека која паѓа во богати набори (на "антички начин"). Во пределот на градите и рамењата, драперијата е најрасчлената. Наборите кружат околу вратот, ги следат рамењата и рацете и паѓаат под половината, во вид на јасен раб, акцентиран со двојна линија. Во пределот на нозете, наборите на облеката се вертикални и завршуваат над глуждот, така што под нив се наѕира едното стопало. Рацете не се јасно назначени. Меѓу главата и рамото на животното се протега еден сегмент од драперија кој може да се идентификува како рака која го опфаќа вратот на мечката и го држи во свиена позиција. Другата рака очевидно е замислена дака стои зад телото на животното. Главата на човекот е прикажана во профил, со рамно потшишана канелирана фризура и кратка брада. Пластично е нагласен образот на лицето, додека носот е моделиран доста нејасно.

Очевидно е дека и во овој случај имаме претстава на човек и животно (овој пат јасно прикажана мечка) во сцена на борба, во која очевидно победува човекот. Во празниот горен дел од иконографското поле се прикажни три пластични сегменти во вид на млада месечина, свртени со врвовите кон рамката. Од левата страна се наоѓа еден поголем, додека на спротивната стои пар од два помали, поставени еден под друг. Малата четириаголна зона кај коренот на јазичето е исполнета со нејасен, двојно заоблен мотив во кој доминира дијагонално расчленување, дополнето со инкрустација. Задната страна на јазичето е декорирана со флорален мотив извиен во вид на "S", поместен во правоаголно поле (T.VI:3б).

**5. Јазиче од Komárno-Lodenice, гроб бр. 71 (T.VI:2,а,б)**

Последниов пример на појасно јазиче е специфичен по тоа што сцената на дуелот не го зафаќа главното иконографско поле на предметот, туку малите површини над него, лоцирани на неговото предно и задно лице. Судејќи според достапните цртежи, би можело да се работи за рудиментиран цртеж, врежан и секундарно, после лиењето на предметот. На едната страна се претставени две животни. Горното е со крупно тело кое кон напред неосетно преминува во глава и постепено се стеснува бо муцка, додека назад благо це спушта во мал опаш. Масивните екстремитети (задните со назначени шепи) почиваат на грбот на второто животно, прикажано во издолжени пропорции, со назначена глава (со рог или поверојатно уво) и нозе испружени кон напред и кон назад. На другата страна од јазичето е претставена композиција која не може со сигурност да се протолкува само врз основа на цртежот што ни беше достапен. Општиот впечаток е, дека се работи за јавач кој е качен на животно (најверојатно коњ), опремен со узди и некакво оружје (меч или поверојатно копје).

И тука најверојатно се работи за трочлена сцена која овој пат е поделена на две одделни композиции. Сметаме дека на едната страна е прикажана мечка која напаѓа некакво тревојадно животно, додека на другата, коњаник како нејзин опонент.

Можно е, во сцените од оваа категорија да припаѓале и малите претстави од горниот дел на две јазичиња од Похоржелице (Т.VI:4). Во обата случаи се работи за крилеста човечка фигура во стоечка поза и покрај неа фигура на животно исправено на задните нозе (по аналогија со претходните примери најверојатно мечка). Без разлика на тоа што сметаме дека и во случајов е прикажан дуелот меѓу митските опоненти, овие примероци нема да ги обработиме во нашава статија. Причина за тоа е фактот што оваа сцена претставува дел од глобалната иконографија на целото јазиче, така што нејзиниот суштествен контекст не може да се открие без едно специјално истражување на оваа категорија појазни јазичиња.

## 2. Просторна диференција на ликовите

Евидентно е дека сите варијанти на основната сцена од прикажаните јазичиња се составени пред се и речиси исклучиво од ликови. Просторот т.е. амбиентот во кој се одвива основното дејство т.е. борбата меѓу овие ликови, во визуелна смисла воопшто не е претставен. На неколку примероци може да се претпостави неговото симболичко кодирање преку дополнителни ликовни елементи во функција на просторни класификатори, поставени на маргините од композицијата и дури надвор од неа (риби = хтонски предели; месечина - ноќ - темнина = хтонски предели ?). Затоа, оваа анализа нужно мораме да ја втемелиме токму врз анализата на ликовите.

Евидентираните категории ликови, според обележјата на нивната фигура можат да се класифицираат во три групи:

***а) Зооморфни ликови:***

***- реални животни:*** - говедо, елен / срна, коњ / мазга, мечка, волк / куче, неопределено тревојадно животно, неопределен звер со масивно тело.

***- фантастични (композитни) животни:*** - грифон, крилест коњ, змеј.

***б) Зоо-антропоморфни ликови:*** - суштество со тело на звер и глава на човек

***в) Антропоморфни ликови:*** - брадест маж; јавач опремен со оружје.

Карактерот на овие ликови во рамките на сцените е определен со местото што во неа го зафаќаат и нивните релации со другите прикажани фигури. Во определувањето на овие карактеристики ни помага дуалната симетричност на сцената која се чита уште во базичната композициска организираност на фигурите во просторот. Во глобални рамки, на ниво на сите прикажани јазичиња, локацијата на наведените ликови не е апсолутно детерминирана. На сцените од првата група (Т.I), грифонот е на десната страна, додека на оние од втората група (Т.II, Т.III, Т.IV), најверојатно на левата. Неговото место е променливо и на предметите од третата група. Ист е случајот и со зооморфниот или зоо - антропоморфен опонент на грифонот. Без оглед на овие разлики, во сите случаи, двата опоненти се наоѓаат на спротивните рабови од сцената, завртени еден кон друг. Третиот член е мошне стабилен и тоа во три аспекти: - предодредено му е централното место на композицијата; - секогаш е застапен во зооморфен облик; - секогаш е застапен во вид на тревојадно животно.

Прикажаниот систем на просторна определеност на ликовите е мошне постојан, со исклучок на две - три јазичиња од третата група во кои се присутни антропомрфни ликови (T.V:2; T.VI:1,2,3).[10] Оттука, тој ни дозволува многу подецидно диференцирање на претходниот попис на ликовите:

***а) Централно поставени ликови:*** говедо, елен / срна, коњ / мазга, неопределено тревојадно животно, (змеј, човек, отсуство на централна фигура).

***б) Странично поставени ликови:***

***- зооморфни:*** - мечка, волк / куче, неопределен звер со масивно тело, грифон, крилест коњ, неопределен звер. неопределен крилест звер.

***- зоо - антропоморфни:*** - суштество со тело на звер и глава на човек

***- антропоморфни:*** - брадест маж; јавач опремен со оружје

Врз основа на оваа диференцијација и конкретните ликовни примери, на наведените јазичиња можат да се определат следните тријади од ликови:

| | | |
|---|---|---|
| грифон неопр. крилест звер | коњ / говедо | неопр. крилест звер |
| грифон | елен | волк / куче |
| грифон | говедо | волк / куче |
| неопр. звер (грифон?) | елен | неопр. звер (куче/волк?) |
| неопр. звер (грифон?) | неопр. тревој. животно | неопр. звер (куче/волк?) |
| грифон / крилест коњ | говедо | звер со антропом. глава |
| грифон | брадест човек | неопр. звер |
| наоружен јавач | неопр. тревој. животно | мечка |
| наоружен јавач | змеј (женска фигура ?) | наоружен јавач |
| брадест маж | (отсуство на центр. фиг.) | мечка |

Со оваа класификација се исцрпуваат можностите на иконографско-морфолошката анализа. Натамошните согледувања влегуваат во сферата на методите на митолошко - симболичката анализа на ликовните претстави, поткрепена со компаративистички истражувања.

## Б. МИТОЛОШКО - СИМБОЛИЧКА АНАЛИЗА

Ако прикажаната диференцијација на ликовите и нивниот распоред на сликата се поставaт во еден космолошки контекст, мошне типичен за архаичните култури, во нашите сцени ги добиваме основните координати на митскиот простор во кој се остварува дејствието. Мошне е евидентно дека во нашиот случај, просторната диспозиција на сликата не е структурирана вертикално, по аналогија со реалниот свет (горе - небо, средина - земја, долу - подземје и подводни хтонски предели), туку хоризонтално (лево - средина десно), при што едната страна на сликата го добива значењето на долните зони на вселенетата, а спротивната - на нејзините горни предели.[11]

[10] Овие исклучоци, во наредниот список се поставени во загради.

[11] За овие концепти: В. Н. Топоров, Первобытные ... ; В. Н. Топоров, Модель ... ; Н. Чаусидис, Митските ... , 51-67.

Секоја од крајните космички зони, на конкретните ликовни примери е определена со присуството на едниот од опонентите, кои можат да се идентификуваат врз основа на некои глобални митско - симболички карактеристики на прикажаните фигури.




***T.VIII:*** *1-8 Релјефи од камени надгробни споменици -”стећци”, среден / нов век (M. Wenzel Ukrasni ... ): 1. Boljuni, Stolac (T.LXXVI:6), 2. Opličići, Stolac (T.LXXV:3), 3. Boljuni, Stolac (T.LXXVI:10), 4. Prokletnica, Konjic (T.C:10), 5. Varošište, Mesići, Rogatica (T.LXXII:13), 6. Dugo Polje, Blidinje (T.LXXVI:11), 7. Ubosko, Ljubinje (T.LXXVI:7), 8. Релјеф во камен, екстериер на црквата во манастирот Каленић, 15. век, (M. Кашанин, Камена ... , сл.72 ).*

**I. Зооморфни ликови**

**1. Грифон**

За уште поконретно определување на функцијата на странично поставените фигури особено ни помага ликот на грифонот, кој на голем дел од читливите претстави на јазичињата (група I и некои примероци од групата III) е застапен со мошне константен изглед. Со голема веројатност, неговото присуство може да се претпостави и на помалку читливите јазичиња од II група, и тоа на левата страна од композицијата. Во прилог на ваквата атрибуција одат неколку аргументи:

- Прво, тоа е поголемата корпулентност на оваа фигура во однос на другото животно (аналогно на состојбата во јазичињата од првата група).

- Мошне отпорниот листест мотив во пределот на главата, доколку не е преправен во уво, може да се третира како клун на грифонот.

- Третиот аргумент се веќе апострофираните перјести или ресести мотиви во пределот на вратот и грбот на животното. Овој елемент особено добива смисла ако се согледа во контекст на аналогиите што тука ги приложуваме. Станува збор за фантастични суштества прикажани на стеќците[12] (животно налик на коњ со шепи на звер) на кои, како мошне специфично обележје се јавува зрачест мотив на грбот, кој наликува на накострешена грива (Т.VIII:1,2,3), но во некои сучаи потенцирана до степен кој укажува на некакви други - надреални, најверојатно космолошки т.е. соларни значења (Т.VIII:5,6). Земајќи ја предвид функцијата на коњот како соларен симбол т.е. преносител на сонцето и небеската светлина (види натаму за коњот) станува можна претпоставката дека и во овој случај се работи за мотив која со својот зрачест изглед го симболизирал светлосно - соларниот карактер на ова фантастично суштество. Во овој контекст станува јасно упорното опстојување на перјестиот мотив на сите јазичиња од првата група (Т.I), при што кај некои примери (Т.I:5,6) и во форма на круг со додатни линии (= сонце со зраци).

Само во еден случај е евидентирано алтернирањето на грифонот со друга зооморфна фигура - крилест коњ прикажан со предни нозе на звер (Т.V:1,а,б). Оваа алтернација е особено индикативна во контекст на наведените паралели од стеќците на кои, во фигурата на грифонот се мошне потенцирани обележјата на коњ. Очевидно е дека кај носителите на нашите јазичиња и творците на стеќците постоело митско суштество кое во голема мера наликувало и на грифон и на фантастичен коњ.

Грифонот е композитно суштество, широко распространето во просторите на Европа, Медитеранот и особено Азија, и тоа почнувајќи од времето на големите антички цивилизации (Месопотамија, Персија, Грција ...), преку средниот век, се до фолклорот од минатиот и овој век. Од ликовно - космолошки симболички аспект, може да се протолкува како зооморфен репрезент на средните и особено горните зони на вселената. Овие космички зони се кодирани во овој лик преку присуството на елементи од животни - жители на надземната зона (тело и екстремитети на лав или друг звер) и особено на птици, како претставници на небеските сфери на космосот (крилја и орелски клун). Во контекст на ова, на нашите претстави грифонот

[12] Камени надгробни споменици од средниот век и подоцнежните периоди, распространети на подрачјето на Босна, Херцеговина и Делови на Далмација. (основни податоци и библиографија види: M. Wenzel, Ukrasni ...).

можеме да го определиме како зооморфен репрезент на небото и на небеските елементи (светлина, сонце, гром, оган) и категории (позитивното начело, моќ, власт, ред, правда ...). Следствено на ова, грифонот е зооморфен застапник на небескиот т.е. врвховниот бог (на пример, во грчката митологија придружник на Аполон или Зевс).[13] На ликовните претстави од антиката и средниот век, често е окружен со небеско - соларни симболи, а се става во опозиција со ликови кои носат хтонски обележја. За нашево истражување се особено интересни средновековните руски примери каде тој се прикажува во опозиција со хтонските митски кучиња - Симаргли. Во сличен контекст, како опонент на друго животно или Аждер се јавува и на веќе наведените стеќци (T.VIII).[14] На еден каменен релјеф, од црквата во манастирот Калениќ (Србија) е претставен грифон и под него глава од волк (T.VIII:8) - ситуација сосем аналогна на онаа од првата група јазичиња (T.I:3-7), освен промената на концептот "лево - десно" со "горе долу" и парцијалното присуство на хтонскиот лик (не фигура на волк, туку само негова глава).

**2. Крилест коњ**

Слични значења можат да му се припишат и на крилестиот коњ кој, како што видовме, се јавува на само едно од јазичињата (T.V:1,а,б), при што се разликува од грифоните само по профилот на предниот дел од главата и гривата која што паѓа низ вратот. За разлика од грчкиот Пегаз, прикажан е со нозе на звер. Како што веќе напомнавме, и овој митолошки лик, во основа ги поседува основните значења што му се својствени на грифонот. На раносредновековниот накит од подрачјето на централна, источна Европа и западна Азија, коњот (реалистичен или со дополнителени митски атрибути) многу често се прикажува како змијоубиец (стои над змија и посегнува со муцката по нејзината глава). Оваа негова функција јасно се следи на наведените стеќци каде што во форма на фантастичен коњ - грифон (или воден од коњаник), тој се судира со змејот или змијата (T.VIII:1-4,6,7). Како коњ со златна грива (која по малку наликува и на крило) и со разјапена забеста муцка, се јавува на раносредновековните метални плочки од 6. и 7. век кои им се припишуваат на Словените и Антите (Мартиновка; Тесалија). Во истиов период, во Европа и Азија се претставува како преносител на сонцето, прикажано на неговиот грб во вид на соларен диск или глава на соларниот т.е. небески бог. Староста на овие функции на коњот и особено неговиот карактер на опонент на хтонските митски ликови, најдобро ја покажуваат ведиските традиции бо кои коњот на Индра ги има сите обележја на змееборец.[15]

[13] Општо за грифонот: J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik ... , 177; Мифы ... Т.1, 336, 337; Во балканските средновековни традиции: - Л. Дончева - Петкова, Митологични ... , 13-50 ; Во јужнословенскиот фолклор: И. Георгиева Българска ..., 46, 47 (го акцентира неговиот карактер на апотропеон); Во руската средновековна уметност и култура: Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 339-341, 557-656 (го носи називот "дивъ", според авторот = Зевс). Релацијата "грифон = Дивъ" може да се базира врз изворни релации меѓу грифонот и врховното небеско божество, чие име, во многу индоевропски митологии го содржи коренот "див" како синоним за "бог".

[14] Примери од Русија: Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ...,561, 570, 571; од стеќците: Т. LXXV; LXXVI; од средновековната камена пластика: М. Кашанин, Камена ... , сл.72 (Каленић, Србија).

**3. Волк т.е. куче**

Како што видовме, на една многу стабилна варијанта од прикажаните композиции (група I /T.I/), како очевиден опонент на грифонот се јавува животно со јасни обележја на волк т.е. куче. Во индоевропските митологии обете животни најчесто го носат карактерот на застапници на хтонското, во неговата просторна и функцонална смисла. Митските кучиња се често чувари на влезот во подземниот свет или во пеколот. Кучето и волкот се јавуваат како хипостази на драконот т.е. Аждерот (хтонскиот змеј), кој вообичаено се прикажува токму со волчја или кучешка глава. Најдобро познати такви примери се секако грчкиот троглав пес Кербер и скандинавскиот Гарм.[16]

Хтонската природа на обете животни е силно потенцирана во словенските традиции, зачувани пред се преку фолклорните митски форми. Во оваа смисла е особено интересен куциот волк, наречен Куцулан. Широко е распространет во јужнословенскиот фолклор, каде има јасни обележја на хтонски митски лик и зооморфна хипостаза на хтонскиот бог. По истата линија, во овие традиции волкот е застапник т.е. аналогон на ликовите со негативен предзнак (ѓаволот, врколаците и вампирите). Според некои преданија, волкот е создаден од ѓаволот (или хтонскиот бог како негов пагански претходник). Постојат хипотези според кои, тој е придружник и зооморфна хипостаза на словенскиот хтонски бог и конкретно на Велес или Дажбог.[17]

Волкот т.е. кучето, во форма на композитно суштество (дополнето со крила и заден дел во вид на риба, змија или растение) е чест мотив во средновековната декоративна уметност. Неговата фреквенција е особено честа во ареалот на Источните па и Јужните Словени, и тоа на накиот и црковната декоративна пластика. Иконографско - симболичките и компаративни истражувања упатуваат на тезата дека зад овој лик се крие словенскиот Симаргл - митски пес, покровител на хтонските предели и вегетативната сила на растенијата. Се смета дека неговото присуство во словенските традиции е плод на влијанијата на аналогниот ирански Семург / Симург. Во основата на зоо - фитоморфниот изглед на овој лик стои концептот “жртва, како инвестиција за благосостојба”, која на ликовно ниво се манифестира како трансформација на телото на ова животно во растение.[18]

Во овој контекст би можел да се протолкува еден навидум случаен и занемарлив елемент, присутен на едното од прикажаните јазичиња - срцевидниот лис-

---

[15] Општо за некои од наведените аспекти на коњот: J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik ... , 493; 275, 276; Д. Николић, Коњ ... ; И. Георгиева, Българска ..., 53-56; За средновековни ликовни претстави на крилестиот коњ: Л. Дончева - Петкова, Митологични ... , 73-81; За наведените иконографски типови и небеско - соларниот карактер на коњот: Н. Чаусидис, Митските ... , 276-295.

[16] Општо за симболиката на кучето и волкот: J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik ... , 476-480, 771, 772; И . Маразов, Видимият ..., 135-137; за јужнословенскиот митски пес Караман или Безбелаг, како аналогон на Кербер и Гарм: V. Matić, Psihoanaliza ... III, 139.

[17] Детално за значењето на волкот во словенските фолклорни традиции: Славянские древности ..., Т.1, 411-418; Српски мит. речник ..., 82-83; И. Георгиева, Българска ..., 48-50, 162, 163. За волкот воопшто и особено како хипостаза на паганските хтонски богови и демони: В. Чајкановић, О српском ... , 17-21, 79, 80, 98-102, 147, 148; V. Matić, Zaboravljena ... , 58-95;

[18] Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 442,444, 448, 561, 688-723; Б. А. Рыбаков, Русалии ... ; Б. А. Рыбаков, Яз. др. Славян ..., 432-437; Л. Дончева - Петкова, Митологични ... , 56-64; компаративни анализи, придружени со балкански примери: Н. Чаусидис, Митските ... , 370-376, за антропоморфните форми: 376-380; на стеќците: M. Wenzel, Ukrasni ..., T.LXXIV.




*T.IX: 1. Детал од мермерна конзола, Кнежев двор, Дубровник, 15. век. (V. Matić, Zaboravljena ..., sl. 4); 2. Релјеф во камен, екстериер на црквата во манастирот КалениК, 15. век, (М. Кашанин, Камена ... , сл.69) ; 3. Мотив од иконостас во дрворезба, Св. Марина, "Пловдив, 1854 г. (Д. Друмев, А. Василев, Резбарско ... , 62); 4. Релјеф од каменен надгробен споменик -"стећак", Podgradinje, Hutovo (M. Wenzel, Ukrasni ... ,T.LXVI:13).*

тест мотив, прикажан над грбот од една фигура на куче т.е. волк (T.I:3). Аналогно значење можел да носи и разресениот (фитоморфизиран) опаш, кој на едното од јазичињата од **Tiszafüred** (T.VI:1,а,б) излегува од гениталната зона на обете прикажани животни (грифон и неопределен звер). На симболичко ниво, тој би можел да се протолкува како транспозиција на половата енергија на животните, во вегетативна. Фактот што овие елементи, инаку типични за хтонските ликови, ги наоѓаме на телото на грифонот, може да е продукт на контаминацијата на периферните атрибути на небеските и на хтонските зооморфни ликови од нашите предмети.[19] Во прилог на ова оди хтонското толкување на неопределениот звер од наведеното јазиче (види го натаму делот за Аждер).

[19] Детално за овој флорален мотив: Н. Чаусидис, Митските ... , 370-376.

**4. Мечка**

На прикажаните јазичиња, мечката може со сигурност да се идентификува во две сцени, обете атипични, со вертикална ориентација во рамките на предметот (T.VI:2б,3а). Во двата случаи, како опонент на животното се јавува фигура на човек, еднаш прикажан во стоечка поза, а друг пат како наоружан коњаник. На јазичето од гробот 1149 од **Tiszafüred** (T.VI:3а) не е прикажана третата категорија ликови, (тревојадно животно), додека на другиот примерок (T.VI:2б), таа е застапена со неидентификувано тревојадно животно, поставено под нозете на мечката. Обете сцени евоцираат судир меѓу прикажаните опонентите, во вториот случај имплицитно, а во првиот случај експлицитно, како нивна борба "со голи раце". Постои можност и зад некои други животински фигури да стоела парадигмата на мечка, како што е на пример, неидентификуваната лева зооморфна фигура од втората група јазичиња (T.II; T.III; T.IV). Но, за жал, преку нам достапните примероци, оваа хипотеза не може да се потврди.

Сите симболички значења и митолошки функции, наведени за волкот и кучето ги носи и мечката, што во најголема мера се должи на нејзиниот шумски карактер, антропоморфизомот и периодичниот престој во текот на зимата во подземјето. Ваквото значење на ова животно во словенските традиции е уште поакцентиран, при што е јасно изразен неговиот карактер на зооморфна хипостаза на словенскиот хтонски бог (конкретно Велес / Волос). Во фолклорот, овие традиции преминале на култот и преданијата поврзани со неколку христијански светители: Св. Власиј / Блаж, Св. Никола, Св. Андреј. Мора да се нагласи и амбивалентниот (негативен и позитивен) карактер на мечката, што секако се должи и на нејзиното некогашно почитување како хипостаза на хтонскиот бог. Овие факти се јасно потврдени во неколку мошне продлабочени научни студии, и тоа токму во оној контекст во кој ова животно го наоѓаме на нашите јазичиња, а тоа е судирот на боговите - опоненти во кој хтонскиот е застапен токму преку мечката.[20]

Во јужнословенските усни традиции е зачуван лик кој ги носи сите обележја на митски јунак од типот на Херакле, окружен со неколку јуначки дела. На неговите релации со мечката упатува неговото име (српска форма Међедовић) и изглед, кои носат елементи на ова животно, настанати по принципот на идентификација со опонентот. Противникот на овој јунак е џинот Брко кој има јасни обележја на словенскиот хтонски бог. Но, еден од клучните подвизи на овој тип јунак е борбата со мечка, за што, освен усните традиции говорат и неколку ликовни претстави.[21] Мотивот на борба со мечка е застапен на стеќците (пример: T.IX:4). На екстериерот од црквата во манастиорт Калениќ (Србија, почеток на 15. век), се чини е претставен токму Међедовић, во борба со мечка или слично на неа животно (T.IX:2). Станува збор за каменен релјеф на кој е претставен јунак со мечешки уши, кој му го врти вратот на животното, држејќи го за вилиците. Таков мотив наоѓаме и на релјефот од

[20] Воопшто за мечката во словенските традиции: Славянская мифология ... , 255-258; И. Георгиева Българска ... , 50-53; V. Matić, Zaboravljena ... , 183-193; како хипостаза на хтонскиот бог: V. Živančević, Volos - Veles ... ; Б. А. Успенский, Филологические ... , 85-112; Б. А. Рыбаков, Яз. др. Славян ..., 421-431; Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 158-163; В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования ... , 47, 57-59, 65; за митските форми во ликовниот медиум: Н. Чаусидис, Митските ..., 384-389.

[21] V. Matić, Zaboravljena ... , 96-99 и натаму до 138; Српски мит. речник ..., 201; I. Kovačević, Semiologija ... , 5-28.

една мермерна конзола од Кнежевиот двор во Дубровник, (15. век) каде борбата мошне наликува на јазичето од **Tiszafüred** (спореди Т.VI:3а со Т.IX:1). Аналогна сцена наоѓаме и на еден елемент од бугарската црковна дрворезба од 19. век, каде што јунакот (мустаклест и без зооморфни обележја) слично на оној од Калениќ, го држи животното за разјапените вилици. Во случајов, веројатно под влијание на митот за Херакле или Самсон, наместо мечката, како негов опонент се јавува лавот.[22] Мора да се нагласи дека примерот од Калениќ покажува релации со јазичето од **Tiszafüred** (спореди: Т.VI:3а со Т.IX:2) и тоа не само според карактерот на ликовите, туку и по начинот на прикажаната борба. Во обата случаи, противникот е поразен така што му е извртен (скршен) вратот. Очевидно се работи за специфичен детал кој покажал извонредна отпорност, наспроти хронолошките и географските дистанци.

Во источнословенските традиции, како противник на мечката се јавува покровителот на куќата - Домовој. Христијанизираните манифестации на оваа борба се зачувани и во бајањата (заговоры) со профилактичка намена. Во едно такво баење, “храбриот Егореј”, со својот златен скиптар и копјето ги убива и протерува мечките и волците.[23]

Митската борба со мечка, очевидно имала архетипско значење во средновековната и подоцнежна култура на Јужните и Источните Словени. За тоа говорат борбите меѓу човек и мечка, често организирани во наведените средини се до средината на овој век. Нивното значење најдобро го покажуваат бројните народни песни во кои се опевани овие борби и храбрите борци, кои се здобивале со епитет “боримечка”.[24]

**5. Аждер**

Под кабинетскиот термин *змеј*, во митските традици се опфатени разновидни композитни митски суштества со различен карактер и функции. Во случајов се определуваме за називот Аждер, под кој во словенските традиции се подразбира змеј со хтонски и пред се негативен карактер (макед. Аждер, срп. Аждаја рус. Ящер). Се прикажува во вид на композитна зооморфна фигура во која, покрај влекачите (змија, гуштер) се вклучени елементи на риба (крлушки, перки) цицачи (екстремитети на ѕвер), а некогаш и птици (крилја).[25] Се работи за лик кој и покрај извесни тешкотии, сепак може да се идентификува на тука прикажаните јазичиња.

Како што видовме, на јазичето од **Banbalma-Czebe puszta** (Т.V:2 а,б), во центарот на композицијата (претставена на обете лица на јазичето) е прикажано фантастично суштество кое може да се определи како Аждер. Свиеното полукружно торзо, прекриено со полукружни расчленувања, може да се разбере како стилиза-

[22] За примерите од стеќците: M. Wenzel, Ukrasni ... , T. LXVI-13; LXXX-1; CIX; од Каленић: М. Кашанин, Камена ... , сл.69 ; од Дубровник: V. Matić, Zaboravljena ... , Sl.4; бугарскиот пример: Д. Друмев, А. Василев, Резбарско ... , сл.62.

[23] В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования ... , 58.

[24] Е. К. Теодоров, Борбите ... , 814-828.

[25] Воопшто за змејот и неговите конкретни митски форми: И. Георгиева Българска ... , 79-109; Славянские древности ... Т.2, 330-333; Славянская мифология ..., 196-198; за Ящер, во духовната и материјалната култура на Источните Словени : Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., 152-155, 202-207, 258, 268-293, 528, 529; Б. А. Рыбаков, Яз. др. Славян ..., 422-423; средновековни ликовни претстави: Л. Дончева - Петкова, Митологични ... , 82-95; околу проблемот на диференцијацијата на змејот како позитивен и негативен лик и како митско и реално суштество: Н. Чаусидис, Змеј ... , 48-57.

ција на тело на влекач или риба, покриено со крлушки. Предниот дел му е во вид на звер (предни нозе и голема глава, подигнати уши и расширени, полукружно свиени челусти).[26] На фактот дека се работи за лик со негативен карактер укажуваат следните елементи. Парот странични јавачи (кои подолу ги идентификуваме како застапници на позитивниот небески принцип), своето оружје го упатуваат кон овој лик, при што тој, со своите шепи и муцката, посегнува т.е. го напаѓа едниот од нив. Ваквиот изглед, во контекст на тезите и фактите искажани за волкот и кучето говорат за присуството на релацијата "*митско куче т.е. митски волк = аждер т.е. хтонски змеј*", на прикажаните јазичиња. Во тој контекст, орнаменталниот мотив со флорална бордура на средината, прикажан на задниот дел од торзото на овој лик, би можел да се протолкува со веќе елаборираниот мотив "трансформација на животното во растение".

Идентификацијата на овој мотив, и пошироко на карактерот на оваа фигура, па и целата композиција ја овозможува еден тип митско сиже типично за јужнословенските фолклорни традици. Во него е прикажана борбата меѓу ликови со карактер на јунаци, со Аждерот како претсатавник на негативното начело. Јунаците се застапени со следните ликови: - браќа близнаци; - еден јунак (со карактер на змеј со позитивен предзнак); - светиот воин Св. Георгиј. Негативниот т.е. хтонски лик е застапен со ламја во разни варијанти (сура ламја, хала, со три глави, поистоветена со магла ...). Откако јунакот или јунаците ќе ја посечат, од неа истекуваат "три реки", во кои се комбинираат три од елементите што во народната симболика го носат значењето на богатство, изобилие и благосостојба (млеко, пченица / жито, вино, мед, масло). Мотивот на растенија (конкретно житни класја) што растат од телото на победениот хтонски Аждер, најексплицитно ја презентира една средновековна угро - финска апликација ( T.VII:13).[27]

Како што гледаме, со ова митско сиже идеално се поклопува сцената од нашето јазиче. Освен сурата ламја (централниот чудовишен лик), тука се и двајцата јунаци - близнаци кои се борат со неа (странични коњаници со оружје насочено кон чудовиштето). Задниот дел на Аждерот, прикажан како сноп од линии со билка во центарот, би можел да се протолкува со трите реки кои истекуват од посечената ламја, и тоа: - централниот флорален мотив, како "жито" / "пченица", а страничните вертикални бордури како струи од другите течни елементи (мед и млеко, вино или масло).[28] Парот риби прикажани во малото поле на јазичето би можеле да се сфатат како зооморфни класификатори на просторот во кој се одвива сцената. Тоа се хтонските предели во кои престојува чудовишната ламја и во кој се одвива борбвата со неа (риба = вода = хтонско).

Јунаците од оваа сцена не јаваат на коњи, туку на некакви животни со обележја на звер, дополнети дури и со антропоморфно лице (види детал: T.VII:8). Станува збор за мотив кој се јавува и на други јазичиња, во функција на опоненти на грифонот т.е. крилестиот коњ (T.VI:1,а,б; детали: T.VII:4,5). Застапен е и на пои-

---

[26] Најсоодветна и хронолошки најблиска паралела на оваа фигура е секако едната од плочките од Велестино, Тесалија (спореди: со T.VII:14).

[27] За овие митски форми: И. Георгиева Българска ... , 90; за угрофинската апликација: Н. Чаусидис, Митските ... , T.LXXXVII-8.

[28] За мотивот на растенија (конкретно житни класја) што растат од телото на победениот хтонски лик (зооморфен или антропоморфен): Н. Чаусидис, Митските ... , 370-380, 386-389.

накви, но синхрони предмети од истиов географски ареал: - појасното јазиче од Похоржелице (детал: T.VII:11); - мотивот на сребрениот сад од Нaѓ - Сент - Миклош (T.VII:12). Нашите поранешни истражувања, делумно прикажани подолу, покажуваат дека овој елемент од нашата сцена, во мало ја повторува нејзината суштина: - јаваниот звер ги поседува сите обележја на зоо - антропоморфната епифанија на хтонскиот митски лик; - функцијата "јавање врз него" носи значење на негово победување, потчинување; - антропоморфниот лик на јавачот ги застапува категориите и митските ликови поврзани со небото и позитивното начело. Со оглед на ваквиот однос, јавачите прикажани на јазичето од **Banbalma-Czebe puszta** можеме да ги идентификуваме со категоријата *змеј* - епитет кој исто така се јавува во наведените фолклорни митски форми, а во јужнословенските традиции означува човек кој со помош на своите натприродни способности (духовни и физички) се бори против природните стихии и други негативни фактори.[29]

Останува нерешено значењето на централниот мотив од нашата сцена, поставен во самиот центар, пред фигурата на Аждерот.[30] Ако се согласиме со досегашните заклучоци според кои парот странични јавачи се застапници на позитивното начело, а централното чудовиште - на негативното, произлегува заклучокот дека предметот т.е. причината на овој судир, на сликава не е претставена. Во тој контекст наведуваме едно навистина хипотетично мислење, според кое наведениов мотив прикажувал силно схематизирана (можеби и сосем демитизирана) фигура на жена, со издолжено торзо (можеби облечена во здолниште), полукружно извиени раце поставени на половината и крила над рамењата. Доколку низ други примери би се докажала ваквата хипотеза, оваа фигура би можела да го понесе епитетот на *девојка грабната од Аждерот.* Засега, тоа ќе е единствен потенцијален антропоморфен аналогон на категоријата *грабнати тревојадни животни* од нашите јазичиња што, мора да се признае, во случајов би било во корелација со антропомофниот изглед на јавачите, како репрезенти на позитивното начело.[31]

Заклучоците од анализата на сцената, прикажана на јазичето од **Banbalma-Czebe puszta** и особено обележјата на фигурата на прикажаниот Аждер, овозможуваат идентификација на уште еден аналоген лик на појасните јазичиња. Станува збор за неопределениот звер, претставен на обете лица на јазичето од **Tiszafüred** (T.VI:1,а,б). Неколку аргументи не наведуваат кон ставот дека и тој го застапувал хтонскиот опонент, претставен во вид на Аждер, или поточно, некоја негова варијанта поблиска до изгледот на волк т.е. куче. Првиот аргумент е изгледот на неговата муцка, која со своите полукружни отворени вилици покажува јасни сродности со аждерот од претходно елаборираното јазиче (спореди: T.V:2 а,б со T.VI:1,а,б). Вториот факт е претходно обработениот флорализиран опаш што излегува од пределот на гениталиите на оваа фигура. Третиот и секако најсилен аргумент е односот во борба меѓу ова животно и централно прикажаниот лик на брадест

[29] За оваа категорија змејови: Н. Чаусидис, Змеј ... , 48-57.

[30] Не ни се чини веројатно толкувањето според кое се работи за претстава на глава од лилјак, во функција на тотемски знак (J. Ковачевић, Аварски ... , 176).

[31] Слики со овие три ликови се среќаваат на стеќците. Станува збор за симетрични релјефни композиции со централна женска фигура, фланкирана со два коњаника или со Аждер од едната и коњаник од другата страна (види тука: T.VIII:4). Други примери: M. Wenzel, Ukrasni ..., T.C-10; T.LXXVI-8 (напад на Аждер врз женска фигура).

човек. Овој елемент, во контекст на другите прикажани примери повлекува три можни толкувања од кои, според две, неидентификуваното животно го добива значењето на хтонскиот лик:

**- Прво толкување:** ***- борба меѓу грифонот и хтонското животно поради централно поставениот маж.*** Ова толкување се базира врз распоредот на ликовите, типичен за прикажаните јазичиња. Според него, човекот на средината е *пасивен лик,* околу кој се одвива борбата меѓу грифонот и хтонскиот лик (застапен со апострофираното неопределено животно). Овој однос не ни се чини веројатен поради очевидната непасивност на фигурата, како и фактот што за ваквото дејство не можеме да најдеме соодветно покритие во компаративниот митолошки материјал.[32]

**- Второ толкување:** ***- хтонскиот бог прикажан како брадест маж се бори за својот добиток (неопределено животно) со грифонот како зооморфен застапеник на небото.*** И ова толкување е малку веројатно бидејќи неопределеното животно поседува очевидни обележја на ѕвер, поради што, тоа не може да биде аналогон на говедото, еленот и коњот, па оттука ни застапник на значењето “добиток” и “стадо”. Во една вака претпоставена констелација, обата опоненти би биле структурирани на истата страна од сцената, поставени паралелно еден на друг, со што би се нарушила дуалната симетрија, толку специфична за сите останати примери.

**- Трето толкување:** ***- небескиот бог во придружба на грифонот како своја зооморфен придружник т.е. супститут, се бори со зооморфното хтонско суштество.*** Фактот што на сликата, во активна позиција се наоѓа мажот (го држи животното во боречки зафат) ја прави поверојатна оваа претпоставка, според која и човекот и грифонот се небески застапници и борци со хтонскиот лик. Според ова толкување, произлегува дека тревојадното животно како репрезент на добитокот, на сликава е изоставено.

Сметаме дека Аждерот бил прикажан и на второто јазиче од **Tiszafüred** (Т.I:2). Евидентната симетричност на оваа сцена, јасната идентификација на тревојадно животно на средината и грифон од левата страна недвојбено укажуваат на тоа дека десниот лик носи хтонски карактер. Да потсетиме: - прикажан е со тело на ѕвер, поставено на кратки и јаки нозе, со силно нагласени канџи и крило во предниот дел од торзото; - главата му е прикажана со големи уши или рогови и издолжена муцка, мошне блиска на грифонот.[33] Мора да се забележи дека и покрај оваа сличност, се работи за фигура со обележја, специфични во однос на грифонот. Врз основа на овие факти, и овој лик можеме да го наречеме Аждер, при што би морале да ја истакнеме неговата поголема блискот со другиот пример од **Tiszafüred**, отколку со оној од **Banbalma-Czebe puszta**, односно поголема акцентираност на елементите на ѕверовите (куче / волк) отколку на влекачите (змија / гуштер) (спореди: Т.I:2 со Т.V:2,а,б и со Т.VI:1,а,б).

---

[32] Се прашуваме, со што би можела да биде мотивирана борбата меѓу опонентите околу ликот на еден брадест маж?

[33] Оваа сличност очевидно доаѓа како контаминација од еден друг тип сцени на ваквите јазичиња во кои централното животно е фланкирано од два симетрично поставени грифона (спореди со Т.I:1).

## 6. Добиток (тревојадни животни)

### *а) Говеди / крава*

Во најголемиот дел од тука прикажаните сцени, централното место го зазема тревојадно животно, и тоа: говедо (крава, бик, вол ?), елен / срна, коњ / мазга и неидентификувано тревојадно животно. Без разлика на тоа што сиве овие животни имаат извонредно широк дијапазон на симболички значења, во оваа пригода нив можеме во голема мера да ги стесниме и конкретизираме. Тоа ни го овозможува фактот што во сите варијанти на нашата сцена, овие животни го носат карактерот на *пасивни објекти* кои го трпат дејствието на страничните два лика. Оттука, во контекст на погоре изречените факти, сиве овие животни, без разлика на конкретниот вид на кој припаѓаат, можеме да ги определиме како *симболи да добитокот, репрезенти на стадото т.е. крдото (говеда / крави, коњи / мазги, елени / срни) околу кое се води судирот на митските ликови - опоненти.*

Во индоевропските митологии, токму кражбата на добитокот е честа причина за судирот меѓу боговите и митските ликови. Така, причина за едната од централните епизоди во Риг - ведата, битката меѓу Индра и Вритра или блискиот т.е. аналоген на него Вала е токму кражбата на кравите и нивното затворање во пештера. Разврската на ова дејствие се состои во рушењето на пештерата, ослободувањето на кравите и убивањето на Вала (сите дејствија изведени од страна на Индра). Како резултат на оваа разврска, доаѓа до елиминација на темнината, изгревање на божицата Ушаш (Зора) и протекувањето на небеските води.[34] Во разни делови, варијанти и нивоа на читање на овој мит, кравите носат неколку значења. На космолошко ниво тие се репрезенти на небеската светлина, небеските води и веројатно плодноста и општата благосостојба, што доаѓаат како последица на присуството на овие космички елементи. Отука, жртвувањето на кравите, кое во митот е имплицитно конотирано, го има значењето на нивно жртвување поради општа благосостојба.[35]

Ова сиже се зачувало и во фолклотот на Словенците, во форма на предание поврзано со Трот т.е. Трут - син на Небото и Земјата, кој со каменен чекан ја разбива карпата (по што, од неа потекуваат водите на небескиот океан), или пак ги ослободува небеските крави од една пештера. Еден од најстарите јужнословенски примери на ова митско сиже е секако оној, запишан во едната од дубровничките хроники. Се работи за локално предание во кое Св. Иларион го победува огромниот аждер по име Боас кој голтал волови стока и деца.[36]

Овој мит може да се земе како директна предлошка на неколкуте композиции од првата група јазичнића, каде меѓу фигурите на грифонот (хипостаза на небес-

---

[34] Воопшто за ваквите митски сижеа: И. Маразов, Митология..., примери и библиографија, 130, 131; за овој мотив во Риг-ведата: Б. Л. Огибенин, Структура ..., 72-74; M. Ježić, R'gvedski ... , 81-85 и натаму (детално, види индекс, под krave).

[35] За некои од наведените значења на кравата во Риг - ведата: В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования ... , 40-45, табела на стр. 139; општо за симболиката на овие животни: J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik ... , 303; во словенскиот фолклор: И. Георгиева, Българска ..., 24-26 и натаму; Славянские древности ..., 608, 609; В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования ... 234, 235, 238, 255-257.

[36] Преданието за Трот е според М. Будимир (Са словенског ..., 6), цитирано според Фр. Рамовш (Der steinerne Himmel - bei den Slaven, Arch. f. Slav. Phil, 36, 457); за дубровничкото предание: V. Matić, Psihoanaliza ... , 55, 56.

киот бог) и волкот (хипостаза на хтонскиот бог) се наоѓа јасно прикажана фигура на говедо (Т.I:4-7, можеби и 2). Ова животно е застапено и на обете лица од плочката од ***Tisavarkonj*** (Т.V:1,а,б), на кои небескиот бог е претставен преку грифон т.е. крилест коњ, додека хтонскиот бог - како зооантропоморфно суштество со тело на звер и глава со антропоморфни обележја (човечко лице со мустаќи и брада).

Оваа ригведско - панонско - словенска паралела, на историско ниво може да се оправда на неколку начини:

- Како сличност базирана врз заедничките индоевропски корени на творците на Риг - ведата, на наведениот словенски мит и на носителите на прикажаните јазичиња (Аријци, Старобалканци, Словени ... ?);

- Како сличност базирана врз заедничкото индо - иранско јадро на творците на Риг - ведата и пред - аварските жители на Панонија (можеби Сармати).

Трагите на овој прастар мит се содржани и во едниот од подвизите на Херакле. Станува збор за подвигот при кој, овој јунак го устрелува Герион и ги зема од него украдените крави. Очевидно е дека во ликот на Херакле е инкарниран некогашниот јунак - репрезент на небеското начело, додека неговиот опонент Герион ги содржи сите типични елементи на едно зоо - антропоморфно хтонско божество (три глави и три бисти, споени во заедничко тело во облик на змија; чудовишно куче како придружник). Во грчката митологија има уште едно слично сиже, поврзано со еден предимно небесен и еден предимно хтонски бог. Станува збор за кражбата на аполоновите бикови од страна на Хермес.[37]

***б) Коњ / мазга***

Ниту на едно од нашите јазичиња, не е со сигурност потврдено присуството на коњот т.е. мазгата во централната позиција на сцената, без разлика на тоа што најмалку во два случаи ја претпоставивме ваквата идентификација (Т.I:2; Т.II:1, можеби и Т.III:3-5). Прашањето за значењето на евентуалното присуство на ова животно се сведува на она што го искажавме за кравата, и тоа во контекст на припадноста на двата вида на категоријата добиток (= богатство, изобилие). Можно е примероците со коњот да одразуваат доминација на номадските верзии на овој мит, базирани врз реалната стопанска основа на културите со таква егзистенцијална база. Аналогии на евентуална ваква сцена наоѓаме на стеќците ( Т.VIII:1), на кои е евидентирана сцена чиј центар го зафаќа фигура на коњ; долу и десно од него е прикажано суштество во вид на змија т.е. гуштер (= Аждер), додека лево и горе од него - недефинирано живитно кое носи обележја на фантастичен коњ и грифон.[38] На оваа слика јасно се следи мешањето на вертикалниот и хоризонтален концепт на организација на фигурите во просторот.

***в) Елен / срна***

Најмалку на три јазичиња, средишното место во сцената го зафаќа елен т.е. срна. Во првиот случај е фланкиран од грифон и куче т.е. волк (Т.I:3), а во другите два (Т.II:2,3), од две неопределени животински фигури (веројатно од левата страна грифон, а од десната - животно налик на волк т.е. куче). Очевидно е дека и на овие

[37] За овој Хераклов подвиг: Мифы ... И, 279, за Герион: 283, 284; некои аспекти од прикажаното митско сиже за Аполон и Хермес: И. Маразов, Митология..., 130.

[38] M. Wenzel, Ukrasni ... , T.LXXVI-6.

јазичиња, животново се јавува во истата функција како и кравата. Основната разлика што го диференцира во однос на говедото и евентуално коњот - припадноста на еленто т.е. срната во сферата на дивите, а не на питомите животни.

Се разбира дека во земјоделските култури од умерената климатска зона во овој период не можат да се очекуват митски сижеа во кои би се појавила кражба на крдо елени или срни.[39] Оттука, во оваа категорија митови, еленот и срната се јавуваат поединечно. Така, во јужнословенската народна епика се среќава дејствие во кое еленот е голтнат од страна на чудовишна змија (некогаш троглава), при што, животното ќе биде ослободено од ловецот Илија. И тука се содржани космолошките обележја на двата опоненти. Обликот на хтонскиот лик е надвор од секоја дискусија. Ловецот пак го носи името на христијанскиот светител (Св. Илија) кој во многу истражувања е потврден како наследник на паганословенскиот бог - застапник на громот и пошироко на небеските сфера.[40] Мотивот на елен т.е. срна, фланкиран од големо фантастично суштество налик на коњ т.е. грифон и друго помало животно налик на куче и волк, го наоѓаме и на стеќците (спореди: T.I:3 и T.II:2,3; T.III со T.VIII:2).[41]

### 7. Звер со антропоморфна глава

Овој зоо - антропоморфен лик, е застапен на две од прикажаните јазичиња и тоа, на обете лица на јазичето од ***Tisavarkonj*** (T.V:1, а,б; детали: T.VII:4,5) и во пар, на јазичето од ***Banbalma-Czebe puszta*** (T.V:2,а,б; детал: T.VII:8). Врз основа на позицијата на овој лик во сцената, неговиот однос со другите ликови и обележјата на самата фигура, можеме да заклучиме дека се работи за лик со хтонско значење и супститут на волкот, мечката, Аждерот и недефинираниот звер, на десната страна од сцената прикажана на втората група јазичиња (веројатно повторно куче т.е. волк).[42] Како засебна фигура, или со присуство на јавач, се јавува на други варијанти од вакви појасни јазичиња, но и на други видови предмети од овој период. Во оваа смисла, особено внимание заслужуваат три паралели: - јазичето од Похоржелице (T.VII:11); - релјефниот мотив од еден сребрен сад од Наѓ - Сент - Миклош, каде што јавачот е очевидно прикажан во борба со уште еден зооморфен опонент во облик на куче т.е. волк (T.VII:12);[43] - една метална плочка од Велестино во Тесалија (T.VII:2). Траењето на овој лик го следиме од Месопотамија и културата на прицрноморските Сармати (T.VII:7,10) преку раниот, и полниот среден век (T.VII:9,6,3) се до современиот словенски фолклор (T.VII:1). Нашите претходни анализи на овие митски фигури ука-

[39] Но може да се очекува од некои популации, доселени во Панонија од источните и северните делови на Европа и од Азија.

[40] За наведениот пример: И. Георгиева, Българска ..., 41. За словенскиот громовник и Св. Илија како негов супститут говорат бројни факти публикувани во мноштво студии (за овие факти и соодветната литература, види: Н. Чаусидис, Митските ... , 402-445).

[41] M. Wenzel, Ukrasni ..., T.LXXV-3.

[42] Овие заклучоци се базираат и врз нашите поране шни истражувања на овој лик (види: Н. Чаусидис, Дажбог ... , 36-39; Н. Чаусидис, Претставите ... , 60-63; Н. Чаусидис, Митските ... , 382-388; други средновековни примери на лик со овие обележја: Л. Дончева - Петкова, Митологични ..., 108-128.

[43] Други примери на вакви митски слики на вазите од истиот локалитет: Л. Дончева - Петкова, Митологични ... ,110: Обр.83, 84.

жуваат на тоа дека тие го прикажувале хтонскиот бог во неговата зоо-антропоморфна манифестација

Со ова фигура се заокружува листата на епифании на хтонскиот митски лик т.е. бог, застапен и на на нашите јазичиња (волк, мечка, Аждер и зоо - антропоморфен лик).

**8. Антропоморфни ликови**

На четири јазичиња од третата група се прикажани чисто антропоморфни машки фигури. На јазичињата од **Tiszafüred** (T.VI:1,а,б, 3а), можат да се забележат некои нивни заеднички обележја (возрасен маж со канелирана брада и расчленета коса, облечен во едноставна, богато набрана облека). Ваквиот манир во обработката на драперијата говори за некакви врски со античките културни традиции, според наше мислење не толку во смисла на суштината на претставите (содржина, симболика), колку на нивните формални аспекти (изглед, манир на моделирање, облека). Овие релации би можле да се базираат врз ромејското потеклото на производителите на овој накит, или нивната обука според античките занаетчиско - естетски принципи. На примероците од ***Banbalma-Czebe puszta*** (T.V:2,а,б) и Komárno-Lodenice (T.VI:2а) е прикажан коњаник, јавнат на коњ или на погоре обработениот зоо - антропоморфен хтонски лик. Врз основа на веќе искажаните аргументи, можеме да заклучиме дека во поединечно застапените ликови од овој вид треба да го идентификуваме врховниот бог, покровител на небото, громот и воопшто на вселената.[44]

**9. Мотивот на борба**

Сметаме дека морфолошката анализа на сцените од приложените јазичиња и особено нивната симболичко - иконографската анализа, придружена со компаративниот пристап, ја потврдува нашата теза според која, борбата меѓу двете, тука прикажани фигури на животни или луѓе претставува ликовна манифестација на бинарните митолошки структури. Овие бинарни структури можат да одразуваат опозиција на начела од разни нивоа на егзистенција. Во претходните анализи, акцентот го ставивме на нивните базични макрокосмички аспекти и тоа, пред се како диференцијација на одделните нивои на вселената (небеско и земно ниво). Но, мора да нагласиме дека зад прикажаната борба може да стојат и други нивоа на значења:

- Хиерархизација и други односи меѓу космичките зони или елементите содржани во нив;

- Симболизирање на одредени трансформации во вселената (динамика и смена на одредени временски циклуси или некои категории што ги следат);

- Симболизирање на други асптрактни категории врзани за човековата егзистенција (живот, раѓање, смрт ...);

- Во поразвиените општествени средини,ови митски структури можеле да се користат (особено на ликовно ниво) и како симболи на одредени социјално - опште-

[44] За ликовните претстави на овој бог кај Словените и односот со претставите на неговиот хтонски опонент: Н. Чаусидис, Претставите ... , 55-60; Н. Чаусидис, Словенските ... , 77-81; Н. Чаусидис, Митските ... , 453-477.

ствени или политички феномени (хиерарјија на касти, политичка доминација, принцип на општествената организација во државата ...).[45]

Сепак, во оваа фаза на истражување, бевме принудени, интерпретациите на прикажаната сцена на борба меѓу митските опоненти да ја сведеме само на горните - општи космолошки аспекти. Основна причина за оваав редукција е фактот што подлабоките социјално - оптетствени значења на ваквите слики не се толку транспарентни и бараат дополнителни податоци од разни сфери на културата и нивно продлабочено истражување низ соодветните научни дисциплини.

Заклучоците предложени во овој напис наметнуваат релации со историските извори за религијата на Словените кои што, земено во глобала, се запишани во истотото време, а веројатно, и во истото географско подрачје во кое егзистирале тука прикажаните јазичиња. Тука мислиме на добро познатите наводи на Прокопиј за Словените и Антите, за нивниот врховен бог итн. Но ова се оддалечува од примарниот мотив на оваа статија, така што би можело да биде предмет на едно друго истражување.

**Користена литература**


М. Будимир, Са словенског ..., М. Будимир, Са словенског Олимпа, Зборник филозофског факултета у Београду, IV - 1, Београд, 1956, 1-56.

J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik ..., J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik simbola, Zagreb 1987.

В. Чајкановић, О српском ... , В. Чајкановић, О српском врховном богу, Београд, 1941.

Н. Чаусидис, Митските ..., Митските слики на Јужните Словени, Скопје, 1994,

Н. Чаусидис, Змеј ... , Н. Чаусидис, Змеј - од демон кон божество и обратно, Letre internationale, 15-16, Скопје, 1999, 48-57.

Н. Чаусидис, Претставите ... , Н. Чаусидис, Претставите на словенските богови - опоненти во ликовниот медиум, Културен живот, 1997 / 1, Скопје, 55-65.

Н. Чаусидис, Словенските ... , Н. Чаусидис, Словенските пантеони во ликовниот медиум: Сварог, Studia mythologica Slavica 1, Ljubljana, 1998, 75-92.

Н. Чаусидис, Дажбог ... , Н. Чаусидис, Дажбог во хрониката на Малала и неговите релации со други средновековни и фолклорни извори. Studia mythologica Slavica 3, Ljubljana, 2000, 23-41.

Z. Čilinská, Kov ..., Z. Čilinská, Kov v rano-slovanskom umení, Tatran, 1981.

Л. В. Чижова, Ко вопросу ... , Л. В. Чижова, Ко вопросу об идеологии средневекового населения Прикамья, Советская археология, 1982/3, Москва, 81-95.

Л. Дончева - Петкова, Митологични ... , Л. Дончева - Петкова, Митологични изображения от българското средновековие, София, 1996.

Д. Друмев, А. Василев, Резбарско ... , Д. Друмев, А. Василев, Резбарско изкуство в България, София, 1955.

É. Garam, Avar ..., É. Garam ( и други автори), Avar finds in the Hungarian National Museum, (Cemeteries of the Avar Period /567-829/ in Hungary, Vol.1), Budapest, 1975.


[45] За овие аспекти, на ниво на митските слики: И. Маразов, Видимият ... , 14; конкретно на појасните јазичиња од сличен тип: D. Mrkobrad, Arheološki ... , 83,84.

É. Garam, Das awarenzeitliche ... , É. Garam, Das avarenzeitliche Gräberfeld von Tiszafüred, (Cemeteries of the Avar Period /567-829/ in Hungary, Vol.3), Budapest, 1995.

Gli Avari ... , Gli Avari - Un popolo d' Europa, Deputazione di storia patria per il Friuli, Arti Grafiche Friulane, Udine 1995.

В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования ..., В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования в области славянских древностей, Москва. 1974.

M. Ježić, R'gvedski ... , M. Ježić, R'gvedski himni - Izvori indijske kulture i indoeuropsko nasljeđe, Zagreb, 1987.

М. Кашанин, Камена ... , М. Кашанин, Камена открића - Студије о уметности Србије у средњем веку, Београд, 1978.

J. Ковачевић, Аварски ... , J. Ковачевић, Аварски каганат, Београд, 1977.

I. Kovačević, Semiologija rituala, Beograd, 1985.

В. Лилчиќ, Матка ... , В. Лилчиќ, Матка низ вековите, Скопјњ, 1995.

A. Loma, Podunavska ... , A. Loma, Podunavska prapostojbina Slovena: legenda ili istorijska realnost, Južnoslovenski filolog, XLIX, Beograd, 1993, 187-220.

И. Маразов, Видимият ..., И. Маразов, Видимият мит - Искуство и митология, София, 1992

И. Маразов, Митология..., И. Маразов, Митология на Траките, София, 1994.

V. Matić, Zaboravljena ..., 1972 V. Matić, Zaboravljena božanstva, Beograd, 1972.

V. Matić, Psihoanaliza ..., V. Matić, Psihoanaliza mitske prošlosti, Beograd, 1976.

V. Matić, Psihoanaliza ... III, V. Matić, Psihoanaliza mitske prošlosti, III, Beograd, (s.a.).

Мифы ... Т.1,2, Мифы народов мира, Т.1,2, Москва, 1980-82.

D. Mrkobrad, Arheološki ..., D. Mrkobrad, Arheološki nalazi seobe naroda u Jugoslaviji, Beograd, 1980.

Д. Николић, Коњ ... , Д. Николић, Коњ у веровањима нашег народа, Жива антика, IX, св.1 - 2, Скопје, 1959, 271-283.

Б. Л. Огибенин, Структура ..., Б. Л. Огибенин, Структура мифологических текстов "Ригведы" (ведийская космогония), Москва, 1968.

A. Parrot, Sumer ..., A. Parrot, Sumer, Editions Gallimard, 1960.

N. Profantová, Awarische ..., N. Profantová, Awarische Funde aus den Gebieten nördlich der awarischen Siedlungsgrenzen, (во:) Awarenforschungen, Studien zur Archaologie der Awaren, 4, Archaeologia Austriaca - Monographien, Band 2, Wien, 1992, 605-778.

Б. А. Рыбаков, Русалии ..., Б. А. Рыбаков, Русалии и бог Симаргл - Переплут, Советская археология, 1967 / 2, Москва, 91 - 116.

Б. А. Рыбаков, Яз. др. Славян ..., Б. А. Рыбаков, Язычество древних Славян, Москва, 1981.

Б. А. Рыбаков, Яз. др. Руси ..., Б. А. Рыбаков, Язычество древней Руси, Москва, 1987.

В. В. Седов, Славяне в раннем ..., В. В. Седов, Славяне в раннем средневековье, Москва, 1995.

Славянская мифология ..., Славянская мифология (Энциклопедический словарь), Москва, 1995.

Славянские древности ..., Славянские древности (Этнолонгвистический словарь), Москва 1995.

Српски мит. речник ..., Српски митолошки реч ник, Београд, 1970.

Съкровище ... , Съкровище на Хан Кубрат - култура на българи, хазари, славяни, (каталог од изложбата), София, 1989.

Е. К. Теодоров, Борбите ... , Е. К. Теодоров, Борбите с мечки в народните песни, во: Езиковедско - етнографски изследвания в памет на академик Стоян Романски, София, 1960, 814-828.

В. Н. Топоров, Модель ..., В. Н. Топоров, Модель мира, в: Мифы народов мира, II, Москва, 1982, 161-164.

В. Н. Топоров, Первобытные ..., В. Н. Топоров, Первобытные представления о мире (общий взгляд), в: Очерки истории естествено-научных знаний в дредвности, Москва, 1982, 8-40.

О. Н. Трубачёв, Этногенез ... , О. Н. Трубачёв, Этногенез и культура древнейших Славян, Москва, 1991.

Б. А. Успенский, Филологические ... , Б. А. Успенский, Филологические разыскания в области славянских древноистей, Москва, 1982.

J. Werner, Slawische ... , J. Werner, Slawische Bronzefiguren aus Nordgriechenland, Abhandlungen der Deutschen Akademie der Wissenschaften zu Berlin, 1952 / 2, Berlin 1953, 3-8.

M. Wenzel, Ukrasni ... , M. Wenzel, Ukrasni motivi na stećcima, Sarajevo, 1965.

J. Zábojník, Seriation ... , J. Zábojník, Seriation von Gürtelbeschlaggarnituren aus dem Gebiet der Slowakei und Österreichs (Beitrag zur Chronologie der Zeit des awarischen Kaganats), (в:) K problematike osidlenia stredodunajskej oblasti, vo včasnom stredoveku, Nitra, 1991, 219-321.

V. Živančević, Volos – Veles ..., V. Živančević, Volos - Veles, slovensko božanstvo teriomorfnog porekla, Glasnik etnografskog muzeja, 26, Beograd, 1963, 39-66.

## Mythical opponents on early middle ages belt tongues

*Nikos Čausidis*

The paper looks at metal belt tongues from the early Middle Ages which originated in the central Danubian area, the broader region of Central Europe and the Balkans. A part of men's clothes, these belt tongues are usually associated with the culture of the Avars. Yet contemporary scientists are more and more of the opinion that these elements were also found among other peoples (non-nomadic as well), be it within the Avarian kaganat, or under its political and cultural influence. The author explores the iconography and symbolism of certain types of belt tongues which date from the late period of the Avarian culture, from the end of the 7th to the end of the 8th centuries. In this variant the central iconographic area depicts the moulded relief of the profiles of three figures (zoomorphic, zoo-anthropomorphic, or anthropomorfic). Most often, the figures on both sides face the central one. After an analysis of individual cases it was possible to classify these figures as shown by the table below:

| | | |
|---|---|---|
| griffon | horse / cattle | undefined winged beast |
| griffon | stag | wolf / dog |
| griffon | cattle | wolf / dog |
| undefined beast (griffon?) | stag | undefined beast (dog / wolf?) |
| undefined beast (griffon?) | undefined herbivore | undefined beast (dog / wolf?) |
| griffon / winged horse | cattle | beast with anthropomorphic head |
| griffon | bearded man | undefined beast |
| armed rider | undefined herbivore | bear |
| armed rider | dragon (female figure?) | armed rider |
| bearded man | (no central figure) | bear |

Based on the analysis of these individual cases (T.I – T.VI) the author suggests a thesis that these compositions depict a duel between two characters (which as a rule are side figures) fighting over the proprietorship of the third, usually central, figure. It is the author's opinion that such a scene had a mythical/religious character; that it depicted (or, to be specific, that it only evoked) the myth about the battle between two antagonistic gods fighting for a herd of cattle, which is symbolically represented by the cental animal figure. Such mythical dimension of this scene, and especially the theistical character of these opponents, are furthermore corroborated by certain atypical belt tongues whose composition consists of oponents depicted as zoo-anthropomorphic and anthropomorphic figures.

The final result of the analysis made possible a differenciation of the depicted characters:

1. Representatives of the positive principles (pertaining to light and heaven) are usually depicted on the left-hand side of the belt tongue (from the viewpoint of the observer): a griffon, a winged horse, an armed rider, a bearded man.
2. Representatives of the negative (htonic) principle are usually depicted on the right-hand side (from the viewpoint of the observer): a wolf/a dog, a bear, an undefined winged beast, a dragon, a beast with an anthropomorphic head.

3. Representatives of the animal herd (the neutral principle) are usually depicted in the middle: cattle, a stag/ a hind, a horse (?), an undefined herbivorous animal, a female figure (?).

With regard to the present knowledge about the polyethnic structure of the population which lived in the area of the Avarian kaganat, or had been under its influence, the author actualizes the hypotheses maintaining that this jewelry could have belonged to other peoples who had lived in that area before the Avars, or during their reign: peoples from the northern part of the Balkans, known under the administrative name of Pannonians and the population of Noricum, also Sarmatians, Germanic peoples, Bulgarians, Kutrigurs, Slavs, Antes. New research results from the fields of archaeology, historiography and linguistics point to an important presence of Slavic peoples in Pannonia during this period. The analysis of the mythic contents depicted on the belt tongues, characteristically present in the Slavic tradition, corresponds to the possibility of their direct or indirect connection with Slavs. The author is of the opinion that these belt tongues, and the mythical depictions on them, belonged to Slavs or to other peoples living in the Pannonian territory, who participated in the Slavic ethno-genesis.

The principal aim of this paper was to analyze the scenes on the selected belt tongues (a formal iconographic analysis) and to update their iconography in the sphere of the pagan-Slavic mythology and religion. After his analysis of the symbolism contained in these scenes, the author attempted to explain the depicted characters, their characteristics, function and attributes, all of which was based on comparisons between analogous Indo-European, and especially Slavic, mythological and religious traditions. It is the author's belief that it would be possible to conduct an in-depth comparativistic research of the central scene on these belt tongues in a different kind of study – possibly in a monograph which would also encompass other mythical scenes depicted on early Medieval archaeological finds which claim to possess a »Slavic« character.